Република Македонија
Министерство за финансии

МФРМ.Ф.8.5/9-2

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

МИНИСТЕРСТВО ЗА ФИНАНСИИ

**Сектор за макроекономска политика**



# КРАТКОРОЧНИ ЕКОНОМСКИ ДВИЖЕЊА

**ноември, 2018 година**

# СОДРЖИНА

Резиме ....................................................................................................................2

I. Реален сектор

Индустриско производство ....................................................................................3

Број на работници во индустријата .........................................................................4

Деловни тенденции во преработувачката индустрија ...........................................5

Број на издадени одобренија за градење и предвидена вредност на објектите ..........5

Инфлација ..............................................................................................................6

Берзански цени ...................................................................................................... 7

2. Надворешнотрговска размена

Извоз .....................................................................................................................8

Увоз .......................................................................................................................9

Салдо на трговска размена ....................................................................................10

Валутна структура ................................................................................................. 11

3. Фискален сектор

Буџетски приходи според економската класификација ......................................... 11

Приходи по буџетски корисници ............................................................................12

Буџетски расходи според економската класификација..........................................13

Расходи по буџетски корисници .............................................................................15

Буџетско салдо ......................................................................................................17

4. Социјален сектор

Нововработени и регистрирани невработени лица во АВРМ ....................................17

Плати ...................................................................................................................18

Пензии ..................................................................................................................18

5. Монетарен и финансиски сектор

Примарни пари ......................................................................................................19

Депозитен потенцијал ...........................................................................................20

Кредити на банките ...............................................................................................21

Каматни стапки на депозитни банки ......................................................................21

Пазар на капитал ...................................................................................................21

Девизни резерви .................................................................................................... 22

# Р Е З И М Е

## НА НАЈВАЖНИТЕ КРАТКОРОЧНИ ЕКОНОМСКИ ДВИЖЕЊА

ноември, 2018 година

- Индустриското производство во ноември 2018 година забележа раст од 4,9% во споредба со ноември 2017 година;

- Потрошувачките цени во ноември 2018 година се зголемија за 1,2% во однос на ноември 2017 година, по растот од 1,5% во октомври 2018 година. Просечната стапка на инфлација во периодот јануари - ноември 2018 година изнесува 1,5%;

- Во периодот јануари – ноември 2018 година извозот забележа раст од 16,8%, а увозот од 13,0%, што резултираше со зголемување на трговскиот дефицит за 2,1%, споредено со истиот период од 2017 година;

- Вкупните приходи на Буџетот во првите единаесет месеци од 2018 година изнесуваа 169.434 милиони денари, односно 25,8% од БДП, што претставува поголемо остварување за 5,4% во однос на истиот период од 2017 година;

- Вкупните расходи на Буџетот во првите единаесет месеци од 2018 година изнесуваа 178.936 милиони денари, односно 27,2% од БДП, што е за 2,9% повеќе во однос на истиот период лани;

- Вкупните кредити на банките во ноември 2018 година се зголемија за 7,9% во споредба со ноември 2017 година, а вкупниот депозитен потенцијал на банките оствари раст од 11,1%.

# 1. РЕАЛЕН СЕКТОР

## Индустриско производство

Индустриското производство во ноември 2018 година забележа раст од 4,9% во споредба со истиот месец претходната година, додека на кумулативна основа во периодот јануари - ноември 2018 година бележи зголемување од 5,2% во споредба со истиот период во 2017 година. Растот се должи на позитивните движења во секторот Преработувачка индустрија, каде што производството е зголемено за 4,8% и придонес во растот од 3,9 п.п., а истиот е поддржан со растот во останатите два сектора, и тоа Рударство и вадење камен од 6,4% и придонес од 0,5 п.п., како и Снабдување со ел. енергија, гас, пареа и климатизација од 4,2% и придонес од 0,4 п.п..

**Графикон 1.1:** Индустриско производство
*(стапки на раст во %)*




Извор: ДЗС.

Раст на производство во ноември 2018 година бележат 17 од вкупно 27 индустриски гранки кои сочинуваат 72,7% во структурата на вкупното производство, што укажува дека раст главно е забележан кај гранките со повисоко учество во структурата. Меѓу гранките со повисока додадена вредност, најголем придонес е забележан кај производството на машини и уреди со раст во ноември од 18,8% и придонес во вкупното производство од 2,4 п.п., а висок придонес има и производството на моторни возила, каде што е забележан раст од 29,3% со придонес од 1,6 п.п.. Производството на прехранбени производи шести месец по ред бележи раст, кој во ноември 2018 година изнесува 3,0%, со што придонесот на оваа гранка во вкупниот раст изнесува 0,3 п.п..

**Графикон 1.2:** Структура на растот на индустријата
*(придонеси во п.п.)*




Извор: ДЗС.

Согласно податоците по наменски групи, раст е забележан во сите групи, и тоа: Интермедијарни производи, освен енергија од 6,5% (придонес од 1,9 п.п.), Капитални производи од 7,8% (придонес од 1,7 п.п.), Нетрајни производи за широка потрошувачка од 3,7% (придонес од 1,2 п.п.), Енергија од 4,7% (придонес од 0,6 п.п.) и Трајни производи за широка потрошувачка од 2,4% (придонес од 0,1 п.п.).

Кумулативните податоци укажуваат дека производството во првите единаесет месеци од 2018 година бележи раст од 5,2%, што во најголем дел се должи на растот во секторот Преработувачка индустрија од 6,5% и придонес од 5,3 п.п. и во помал дел на растот во секторот Снабдување со ел. енергија, гас, пареа и климатизација од 0,7% и придонес од 0,1 п.п., а истиот е ублажен со падот во секторот Рударство и вадење камен од 2,0% и негативен придонес од 0,2 п.п..

**Графикон 1.3а:** Гранки со позитивен придонес во растот
*(стапки на раст во %)*




1 - Производство на машини и уреди
2 - Производство на моторни возила
3 - Производство на метали
4 - Производство на основни фармацевтски производи и препарати
5 - Снабдување со ел. енергија, гас, пареа и климатизација

Извор: ДЗС.

Податоците од анализата по гранки укажува дека раст е забележан кај 17 од вкупно 27 гранки, кои сочинуваат 70,6% во структурата на вкупното индустриско производство. Од гранките со двоцифрено учество во структурата, раст е забележан кај производството на машини и уреди од 16,3% (придонес од 2,1 п.п.), прехранбената индустрија од 2,9% (придонес од 0,3 п.п.), како и кај снабдувањето со ел. енергија, гас, пареа и климатизација од 0,7% (придонес од 0,1 п.п.).

**Графикон 1.3б:** Гранки со негативен придонес во растот
*(стапки на раст во %)*




1 - Производство на фабрикувани метални производи
2 - Производство на тутунски производи
3 - Производство на електрична опрема
4 - Производство на кожа и слични производи од кожа
5 - Производство на производи од гума и производи од пластични маси

Извор: ДЗС.

Кај наменските групи, растот главно е резултат на зголеменото производство во групата Капитални производи од 17,2% (придонес од 3,7 п.п.) и истиот е поддржан со растот на производството кај групата Интермедијарни производи, освен енергија од 3,5% (придонес од 1,0 п.п.), како и кај групата Трајни производи за широка потрошувачка од 26,9% (придонес од 0,7 п.п.). Растот е ублажен со падот на производството кај групите Нетрајни производи за широка потрошувачка од 0,4% (придонес од -0,1 п.п.) и Енергија од 0,6% (придонес од -0,1%).

## Број на работници во индустријата

Бројот на работници во индустријата на годишно ниво во ноември 2018 година е зголемен за 3,5%. Растот главно се должи на зголемениот број работници во секторот Преработувачка индустрија од 3,9% и е поддржан со растот во секторот Рударство и вадење камен од 1,9%, а во секторот Снабдување со електрична енергија, гас, пареа и климатизација е забележан пад од 0,6%.

Податоците за бројот на работници во индустријата по наменски групи во ноември 2018 година во однос на истиот период минатата година покажуваат дека зголемување на бројот на работници има кај групите: Капитални производи од

21,4% и Интермедијарни производи, освен енергија од 4,3%; додека пад е забележан во групите Трајни производи за широка потрошувачка од 4,2%, Нетрајни производи за широка потрошувачка од 1,1% и Енергија од 0,9%.

Бројот на работници во периодот јануари - ноември 2018 година бележи раст од 6,3%, што главно се должи на зголемениот број работници во секторот Преработувачка индустрија од 7,0%, но и во секторот Рударство и вадење камен од 1,5%, додека бројот на работници во секторот Снабдување со електрична енергија, гас, пареа и климатизација е намален за 0,4%.

**Графикон 1.4:** Вработеност и продуктивност во индустријата
*(стапки на раст во %)*




Извор: ДЗС; пресметки на МФ.

Во првите единаесет месеци од 2018 година, раст на бројот на работници е забележан кај наменските групи: Капитални производи од 21,9%, Интермедијарни производи, освен енергија од 11,0% и Нетрајни производи за широка потрошувачка од 0,8%; додека пад на бројот на работници има кај групите Енергија и Трајни производи за широка потрошувачка од по 0,9%.

## Деловни тенденции во преработувачката индустрија

Економската состојба на деловните субјекти во ноември 2018 година е поповолна во однос на октомври 2018 година, како и во однос на истиот месец од 2017 година.

Просечното искористување на капацитетите на деловните субјекти во ноември изнесува 68,7%, што претставува зголемување во однос на претходниот месец, кога изнесувало 68,4%. Споредено со ноември 2017 година, искористеноста на капацитетите е зголемена за 2,1 п.п..

Најголемо влијание врз ограничувањето на обемот на производството во ноември имаат следните фактори: недостигот на квалификувана работна сила со 28,6%, недоволната домашна побарувачка со 16,2%, недоволната странска побарувачка со 15,7%, неизвесното економско опкружување со 10,1%, финансиските проблеми со 8,0%, недостигот на суровини со 7,6% и конкурентниот увоз со 5,8%.

Состојбата на обезбеденоста на производството со порачки во ноември 2018 година во однос на претходниот месец е понеповолна, очекувањата за обемот на производството во наредните три месеци се поповолни споредено со октомври 2018 година, а залихите на готови производи на месечна основа се намалени.

## Број на издадени одобренија за градење и предвидена вредност на објектите

Во ноември 2018 година издадени се вкупно 292 одобренија за градење, што претставува зголемување од 27,5% споредено со ноември 2017 година. Во однос на претходниот месец, кога биле издадени 276 одобренија за градење, бројот на

издадени одобренија за градење бележи раст од 5,8%. Предвидената вредност на објектите според издадените одобренија за градење на годишно ниво е повисока за 80,1%. Вредноста на објектите во ноември бележи месечен пад од 49,4%.

**Графикон 1.5:** Одобренија за градење и вредност на работите
*(број во единици; вредност во милиони денари)*




Извор: ДЗС.

Анализирано по видови објекти, од вкупниот број издадени одобренија за градење, 144 (или 49,3%) се наменети за објекти од високоградба, 52 (или 17,8%) за објекти од нискоградба и 96 (или 32,9%) за објекти за реконструкција.

Анализирано по типови инвеститори, од вкупно 292 издадени одобренија за градба, на 167 објекти (или 57,2%) како инвеститори се јавуваат физички лица, а на 125 објекти (или 42,8%) инвеститори се деловни субјекти.

**Графикон 1.6:** Структура на издадените одобренија за градење по региони




Извор: ДЗС.

Во ноември 2018 година предвидена е изградба на 717 станови, со вкупна корисна површина од 47.289 $м^2$. Бројот на предвидени станови за изградба во ноември во однос на октомври 2018 година се намали за 54,9%, а во однос на истиот месец од 2017 година бележи зголемување од 134,3%.

## Инфлација

Потрошувачките цени во ноември 2018 година се зголемија за 1,2% во однос на ноември 2017 година, по растот од 1,5% во октомври 2018 година. Просечната стапка на инфлација во периодот јануари - ноември 2018 година изнесува 1,5%.

**Графикон 1.7:** Инфлација според COICOP
*(стапки на раст во %)*




Извор: ДЗС.

Цените во категоријата Храна и безалкохолни пијалаци, која има најголемо учество при пресметката на Индексот на трошоците на животот, во ноември се зголемија за 0,5% на годишно ниво. Највисок годишен раст на цените во ноември 2018 година е забележан во категоријата Алкохолни

пијалаци, тутун и наркотици од 4,8% следена со порастот на цените во категориите: Транспорт од 4,7%, Ресторани и хотели од 2,5%, Рекреација и култура од 2,3%, Здравје од 2,2%, Комуникации од 0,6%, Мебел, покуќнина и одржување на покуќнина и Домување, вода, електрика, гас и други горива од по 0,2%, Облека и обувки од 0,1% и Останати стоки и услуги од 1,1%. Годишен пад на цените во ноември 2018 година е регистриран во категоријата Образование од 0,3%.



**Графикон 1.8:** Структура на инфлацијата според COICOP (*придонеси во п.п.*)

Извор: ДЗС.

Потрошувачките цени во ноември 2018 година се намалени за 0,2% во однос на претходниот месец. Притоа, намалување на цените на месечно ниво е забележано во категориите: Транспорт од 2,9%, Рекреација и култура од 0,6% и Мебел, покуќнина и одржување на покуќнина од 0,4%.

Раст на цените на месечна основа е регистриран во категориите: Здравје од 1,2%, Облека и обувки од 0,5%, Домување, вода, електрика, гас и други горива од 0,3% и Ресторани и хотели и Храна и безалкохолни пијалаци од по 0,1%. Цените во категориите: Образование, Алкохолни пијалаци, тутун и наркотици, Комуникации и Останати стоки и услуги останаа непроменети.

Цените на мало во ноември 2018 година во однос на истиот месец претходната година се зголемени за 1,9%, а на месечна основа цените на мало се намалени за 0,5%. Цените на мало во периодот јануари - ноември 2018 година се повисоки за 2,8%.

## Берзански цени

Цената на суровата нафта (Brent) на светските берзи во ноември 2018 година споредено со претходниот месец бележи пад од 19,0% и изнесува 65,2 долара за барел. На годишна основа, цената на нафтата се зголеми за 4,2%. Цената на природниот гас во ноември 2018 година во однос на октомври 2018 година порасна за 8,7%.



**Графикон 1.9:** Промена на цената на суровата нафта (Брент) (*цена во долари/барел; стапка на раст во %*)

Извор: Светска банка; пресметки на МФ.

Што се однесува до металните производи, никелот како значаен извозен производ, во ноември 2018 година се тргуваше со просечна цена од 11.240 долари за еден метрички тон ($/мт) и на месечна основа бележи намалување на цената од 8,7%. Споредено со ноември 2017 година, цената

на никелот се намали за 6,1%. Покрај никелот, месечен пад на цената во ноември бележат и останатите основни метали. Така, цената на алуминиумот се намали за 4,5%, на цинкот за 2,9%, на оловото за 2,5%, на бакарот за 0,4% и на калајот за 0,3%. Цената на железната руда во ноември е намалена за 0,2% на месечна основа.

**Графикон 1.10:** Берзански цени на метали
*(цени во долари/тон)*




Извор: Светска банка.

Во однос на благородните метали, цената на платината и на златото во ноември споредено со претходниот месец бележи раст од 2,0% и 0,4%, соодветно, додека цената на среброто опадна за 1,7%. Цената на пченката на светските берзи во ноември 2018 година во однос на октомври 2018 година се зголеми за 0,3%, а на пченицата се намали за 4,6%.

# *2. НАДВОРЕШНОТРГОВСКА РАЗМЕНА*

Вкупната надворешнотрговска размена во првите единаесет месеци од 2018 година изнесува 12.387,6 милиони евра, што претставува раст од 14,6% во однос на истиот период минатата година.

**Графикон 2.1:** Надворешна трговија
*(износи во милиони евра)*




Извор: ДЗС.

Во периодот јануари – ноември 2018 година најголемо учество во вкупната размена има размената на Република Македонија со Европската унија (ЕУ 28), кое изнесува 71,1%, што претставува зголемување за 0,5 п.п. во однос на истиот период претходната година.

## Извоз

Во периодот јануари - ноември 2018 година вредноста на извезените стоки изнесува 5.377,0 милиони евра и бележи раст од 16,8% (773,9 милиони евра) во однос на истиот период во 2017 година, а физичкиот обем на извозот бележи раст од 10,1%.

Вредноста на извезените стоки во ноември 2018 година изнесува 544,4 милиони евра и бележи раст од 20,9% (94,1 милион евра) во однос на истиот месец претходната година, а физичкиот обем на извозот се зголемил за 19,2%.

Анализирано на месечно ниво, во ноември 2018 година извозот бележи пад од 9,6% (58,1 милион евра) во однос на претходниот месец, а доколку се изврши сезонско прилагодување на извозот, истиот регистрира месечен пад од 2,3%.

Главни групи производи (според СМТК) со најголемо учество во извозот во периодот јануари – ноември 2018 година се: хемиски материи и производи, железо и челик, облека, метална руда и отпадоци од метал, пијалаци и тутун, и нафта и производи од нафта. Овие шест групи производи сочинуваат 46,5% од вкупниот извоз на државата.

**Графикон 2.2:** Структура на извозот по СМТК




Извор: ДЗС.

Анализирано според економските групации на земјите, во периодот јануари – ноември 2018 година споредено со истиот период од 2017 година, извозот бележи раст кај групациите: ЕУ 28, ЕФТА, Организација на земјите извознички на нафта и нафтени деривати, Западен Балкан и Северноамериканска зона на слободна трговија, додека пад има кај групациите: Организација за економска соработка на земји од Азиско - пацифичкиот регион и Заедница на независни држави. Извозот во ЕУ 28 бележи раст од 18,4% на годишно ниво, а кај земјите од Западен Балкан истиот бележи раст од 8,5%, при што извозот на стоки во ЕУ 28 и во земјите од Западен Балкан во вкупниот извоз на Република Македонија учествува со 82,3% и 10,9%, соодветно.

**Графикон 2.3:** Структура на извозот по економска намена *(учества во %)*




Извор: ДЗС; пресметки на МФ.

## Увоз

Вредноста на увезените стоки во периодот јануари – ноември 2018 година изнесува 7.010,5 милиони евра и бележи раст од 13,0% (807,8 милиони евра) во однос на истиот период од 2017 година, а физичкиот обем на увозот бележи раст од 4,2%.

Вредноста на увозот во ноември

**Графикон 2.4:** Структура на увозот по економска намена *(учества во %)*




Извор: ДЗС; пресметки на МФ.

2018 година изнесува 707,9 милиони евра, што претставува раст од 13,2% (82,4 милиони евра) во однос на истиот месец од 2017 година, а увезените количини стоки се зголемени за 25,0%.

Анализирано на месечно ниво, во ноември 2018 година увозот бележи пад од 9,7% (76,0 милиони евра) во однос на претходниот месец, а доколку се изврши сезонско прилагодување на увозот, истиот регистрира месечен пад од 5,8%.

Табела 2.1 Преглед на извозот и увозот на селектирани групи производи

| Извоз на нафта и производи од нафта*) | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | I - XI - 2017 | I - XI - 2018 | Салдо | Стапки во% |
| .000 T | 109,3 | 136,5 | 27,3 | 24,9 |
| Мил. ЕУР | 43,9 | 65,4 | 21,5 | 48,9 |
| Мил.$ | 49,6 | 77,2 | 27,6 | 55,7 |

| Увоз на нафта и производи од нафта*) | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | I - XI - 2017 | I - XI - 2018 | Салдо | Стапки во% |
| .000 T | 922,5 | 932,3 | 9,8 | 1,1 |
| Мил. ЕУР | 402,9 | 499,4 | 96,5 | 24,0 |
| Мил.$ | 453,9 | 589,3 | 135,4 | 29,8 |

*)Претходни податоци

| Извоз на хемиски производи*) | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | I - XI - 2017 | I - XI - 2018 | Салдо | Стапки во% |
| .000 T | 34,1 | 27,3 | -6,8 | -19,8 |
| Мил. ЕУР | 958,9 | 1.122,4 | 163,5 | 17,0 |
| Мил.$ | 1.080,8 | 1.325,4 | 244,6 | 22,6 |

| Увоз на хемиски производи*) | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | I - XI - 2017 | I - XI - 2018 | Салдо | Стапки во% |
| .000 T | 28,0 | 30,7 | 2,7 | 9,7 |
| Мил. ЕУР | 164,4 | 195,3 | 30,9 | 18,8 |
| Мил.$ | 184,8 | 231,3 | 46,5 | 25,1 |

*)Претходни податоци

| Извоз на железо и челик *) | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | I - XI - 2017 | I - XI - 2018 | Салдо | Стапки во% |
| .000 T | 642,6 | 720,1 | 77,5 | 12,1 |
| Мил. ЕУР | 410,0 | 502,8 | 92,9 | 22,7 |
| Мил.$ | 462,1 | 593,4 | 131,3 | 28,4 |

| Увоз на железо и челик*) | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | I - XI - 2017 | I - XI - 2018 | Салдо | Стапки во% |
| .000 T | 672,5 | 753,2 | 80,7 | 12,0 |
| Мил. ЕУР | 343,9 | 415,0 | 71,1 | 20,7 |
| Мил.$ | 387,5 | 492,5 | 105,0 | 27,1 |

*)Претходни податоци

## Салдо на трговска размена

Во периодот јануари - ноември 2018 година, трговскиот дефицит се зголеми за 2,1% односно 33,9 милиони евра споредено со истиот период минатата година.

Во ноември 2018 година трговскиот дефицит се намали за 6,7% односно 11,8 милиони евра споредено со ноември 2017 година.

**Графикон 2.5:** Надворешно-трговска размена
*(износи во милиони евра)*




Извор: ДЗС.

Доколку салдото на извозот и увозот на стоки го анализираме по економска намена, зголемувањето на дефицитот е резултат од проширувањето на негативното салдо во размената со горива и мазива, индустриски набавки, стоки за инвестиции без транспортна опрема и храна и пијалаци, како и намалувањето на позитивното салдо во размената со стоки за широка потрошувачка. Од друга страна, кон намалување на дефицитот дејствуваше зголемувањето на позитивното салдо во размената со транспортна опрема.

Во периодот јануари – ноември 2018 година, 98,4% од трговскиот дефицит на земјата е остварен во размената со Велика Британија, Грција, Кина и Србија, а потоа следуваат: Турција, Италија, Јужна Африка, САД, Полска и други. Суфицит е остварен во размената со Германија, Косово, Белгија, Шпанија и Австрија.

## Валутна структура

Гледано по валутна структура, 87,5% од трговската размена во периодот јануари – ноември 2018 година е реализирана во евра, што во однос на истиот период од 2017 година претставува намалување за 0,1 п.п.. На страната на извозот и увозот, еврото е застапено со 93,3% и 83,1%, соодветно, при што застапеноста на еврото во извозот е на исто ниво, додека застапеноста на еврото кај увозот е намалена за 0,4 п.п. во однос на периодот јануари – ноември 2017 година.

Табела 2.2 Надворешно трговска размена на Република Македонија (по валути); пресметки на МФ

| увоз | I - XI - 2017 | | | | | I - XI - 2018 | | | | | апсолутна промена во валутна вредност | релативна промена во валутна вредност (во%) |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| валута | колич. 000 t | увоз во валута | просечен курс на денарот во однос на валутите | увоз во денари | структ. во% | колич. 000 т | увоз во валута | просечен курс на денарот во однос на валутите | увоз во денари | структ. во% | | |
| ЕУР | 4.113,5 | 5.175.650.331 | 61,5755 | 318.693.256.955 | 83,4 | 4.139,1 | 5.824.294.541 | 61,5127 | 358.268.082.819 | 83,1 | 648.644.210 | 12,5 |
| УСД | 1.455,7 | 1.095.213.559 | 54,8914 | 60.117.805.550 | 15,7 | 1.662,0 | 1.324.249.271 | 51,9443 | 68.787.201.409 | 16,0 | 229.035.712 | 20,9 |
| ГБП | 4,7 | 21.949.828 | 70,3463 | 1.544.089.162 | 0,4 | 5,2 | 25.917.980 | 69,6188 | 1.804.378.661 | 0,4 | 3.968.152 | 18,1 |
| ЕУР+УСД+ГБП | 5.573,9 | | | 380.355.151.667 | 99,2 | 5.806,4 | | | 428.859.662.889 | 99,4 | | |
| вк извоз: | 5.587,1 | | | 381.949.008.558 | 100,0 | 5.822,3 | | | 431.232.725.981 | 100,0 | | 12,9 |

Извор: Државен завод за статистика и НБРМ

# *3. ФИСКАЛЕН СЕКТОР*

## Буџетски приходи според економската класификација

Вкупните приходи на Буџетот во првите единаесет месеци од 2018 година изнесуваа 169.434 милиони денари, односно 25,8% од БДП, што претставува поголемо остварување за 5,4% во однос на истиот период од 2017 година.

Даночните приходи во наведениот период се реализирани во износ од 101.330 милиони денари и во однос на истиот период претходната година се зголемени за 8,1%.

Данокот на додадена вредност е остварен во износ од 44.859 милиони денари, што претставува зголемување за 3,4% во однос на минатата година, со доминантно учество во вкупните даночни приходи од 44,3%. Притоа, ДДВ е наплатен во бруто-износ од 67.689 милиони денари, од кои на даночните обврзници им е извршен поврат од 22.830 милиони денари (бруто наплатата е повисока за 7,9%, додека повратот по основ на ДДВ е повисок за 18,0% споредено со истиот период во 2017 година). Во структурата на ДДВ најголемо е учеството на ДДВ од увоз кој забележува поголемо остварување за 12,8%, додека ДДВ од прометот во земјата забележа намалување од 2,4%.

Акцизите се остварени во износ од 23.153 милиони денари (учество од 22,8% во даночните приходи), што претставува зголемување од 8,2%. Така, од овие два

индиректни данока вкупно се остварени приходи од 68.012 милиона денари, што претставува 67,1% од вкупните даночни приходи во овој период.

Приходите од персоналниот данок се остварени во износ од 14.393 милиони денари и забележуваат раст од 9,0% на годишна основа, при што 66,5% од персоналниот данок претставува приходот од данокот на плати и други лични примања, 9,0% од приходи од капитал, 6,7% од приходи по основ на договор на дело, 5,9% од приходи од игри на среќа и наградни игри и 3,6% од приходи од имот и имотни права. Приходите од данокот на добивка во овие единаесет месеци изнесуваа 13.325 милиони денари и забележаа поголемо остварување за 25,9% во однос на истиот период претходната година, што е резултат на данокот наплатен по основ на месечни аконтации (зголемување од 28,3%), доплатите по даночни биланси (зголемување од 33,7%) и задржаниот данок за странски правни лица (зголемување од 29,0%).

**Графикон 3.1:** Приходи по категории
*(износи во милиони денари)*




Извор: МФ.

Приходите од царина се остварени во износ од 5.105 милиони денари и забележаа зголемување од 8,2%. Приходите од други даноци со остварен износ од 495 милиони денари забележаа поголемо остварување за 18,4% во однос на минатата година.

Социјалните придонеси од плата се остварени во износ од 50.843 милиони денари, што претставува поголемо остварување за 7,2% споредено со истиот период од 2017 година, при што наплатата кај придонесите за пензиско и инвалидско осигурување е повисока за 7,1%, а кај придонесите за вработување и кај придонесите за здравствено осигурување за 7,4%.

Неданочните приходи се остварени во износ од 11.046 милиони денари и во однос на истиот период во 2017 година забележаа помало остварување од 9,9% (во овие приходи се приходите од профит од јавни институции, административни такси и глоби, концесии и др.).

Капиталните приходи реализирани по основ на продажба на градежно земјиште, станови и дивиденди, се оствариja во износ од 2.034 милиони денари, што е зголемување од 64,6% во однос на минатата година.

Приходите од странски донации од меѓународна и билатерална соработка се оствариja во износ од 2.552 милиона денари и се намалени за 43,7% во однос на истиот период лани.

## Приходи по буџетски корисници

Буџетските приходи, односно приливот на средства во Централниот буџет, се остваруваат главно преку Министерството за финансии – функции на државата и

во периодот јануари – ноември 2018 година изнесуваат 154.402 милиона денари, односно 94,0% од приходите на сите буџетски корисници, а претставуваат 93,3% од годишниот план на овој буџетски корисник.

Во рамки на Министерството за финансии – функции на државата преовладуваат даночните приходи кои претставуваат 64,8% од вкупните приходи и приливи на овој буџетски корисник, при што нивната наплата до ноември достигна 89,9% од годишниот план. Приливот на средства по основ на задолжување во странство во овој период изнесува 30.700 милиони денари, што претставува 19,9% од вкупниот износ на овој буџетски корисник.

**Графикон 3.2:** Структура на приходите на Министерството за финансии – функции на државата




Извор: МФ.

Следен буџетски корисник со најголеми приходи и прилив на средства е Министерството за образование и наука, чии приходи изнесуваат 2.973 милиони денари, односно 1,8% од приходите и приливот на средства на сите буџетски корисници и најголемиот дел од тој износ (83,5%) претставуваат неданочни приходи, главно по основ на такси и надоместоци.

Министерството за здравство оствари приходи во износ од 1.102 милиона денари, што претставува 0,7% од приходите и приливот на средства на сите буџетски корисници и 52,6% од тој износ претставуваат даночни приходи. Останатите буџетски корисници збирно имаат остварено 3,5% од вкупните приходи и приливи. Деталните податоци за секој буџетски корисник се прикажани во статистичкиот прилог на следниот линк *(http://finance.gov.mk/mk/node/693)*.

Во однос на буџетските фондови, најмногу приходи остварува Фондот на пензиското и инвалидското осигурување на Македонија, кои во периодот јануари – ноември 2018 година изнесуваат 62.351 милион денари и претставуваат 90,8% од годишниот план на Фондот. Фондот за здравствено осигурување на Македонија во овој период има остварено приходи во износ од 26.958 милиони денари, односно 91,3% од годишниот план на Фондот. Агенцијата за вработување на Република Македонија во периодот јануари - ноември 2018 година остварила приходи во висина од 2.190 милиони денари, што претставува 78,8% од годишниот план.

## Буџетски расходи според економската класификација

Вкупните расходи на Буџетот во првите единаесет месеци од 2018 година изнесуваа 178.936 милиони денари, односно 27,2% од БДП, што е за 2,9% повеќе во однос на истиот период лани.

Во структурата на реализираните вкупни расходи, тековните расходи во износ од 170.253 милиони денари учествуваа со 95,1% и се зголемени за 6,4% во однос на истиот период од 2017 година.

Платите и надоместоците се реализирани во износ од 24.092 милиона денари што претставува зголемување за 0,5% во однос на истиот период претходната година, а нивното структурно учество во вкупните расходи на Буџетот изнесува 13,5%.

Расходите за стоки и услуги изнесуваа 12.384 милиони денари и споредено со истиот период од 2017 година забележаа намалување од 5,9%.

Доминантно учество во тековните расходни ставки имаа трансферите кои изнесуваа 126.413 милиони денари. Средствата за трансфери забележаа поголема реализација за 10,1% споредено со истиот период лани и истите учествуваа со 70,6% во вкупните расходи.

Средствата за социјални трансфери изнесуваа 91.893 милиони денари, забележаа раст од 6,5% и учествуваа со 51,4% во вкупните расходи. Трансферите кон Фондот на пензиското и инвалидското осигурување, кои зафаќаат најголем дел од социјалните трансфери, се реализирани во износ од 56.050 милиони денари, што е зголемување за 5,4% споредено со истиот период од 2017 година и учествуваат со 31,3% во вкупните расходи. Учеството на категоријата други трансфери, кои ги вклучуваат трансферите кон единиците на локалната самоуправа, во вкупните расходи изнесува 18,5%, односно забележаа поголема реализација за 23,3%, а се реализирани во износ од 33.059 милиони денари. Блок дотациите кон единиците за локална самоуправа во износ од 14.514 милиони денари забележаа зголемување од 5,8%, во споредба со истиот период претходната година. Субвенциите и трансферите изнесуваа 16.548 милиони денари што е зголемување од 47,8% споредено со минатата година.

**Графикон 3.3:** Расходи по категории
*(износи во милиони денари)*




Извор: МФ.

Каматните расходи изнесуваат 7.364 милиони денари, што е за 9,0% помалку во споредба со истиот период од 2017 година. Расходите за камати од домашно задолжување се намалени за 1,4%, додека каматите од странско задолжување се намалени за 12,8%.

Во анализираниот период, средствата за капитални расходи се реализирани во износ од 8.683 милиони денари со структурно учество од 4,9% во вкупните расходи (1,3% учество во БДП), односно забележаа пониска реализација за 37,4% во споредба со истиот период лани.

## Расходи по буџетски корисници

Во продолжение е даден осврт на буџетските расходи за најголемите буџетски корисници, чиј вкупен годишен буџет изнесува 87,9% од вкупниот буџет на сите буџетски корисници.

Во периодот јануари – ноември 2018 година, преку разделот Министерство за финансии – функции на држава[1] реализирани се 42.233 милиони денари, што претставува 89,2% од годишниот буџет. Најголем дел од расходите или 62,9% отпаѓаат на отплата на главнина, за што во периодот јануари – ноември 2018 година потрошени се 26.555 милиони денари, односно 94,0% од средствата планирани за оваа намена во 2018 година. По однос на каматни плаќања отпаѓаат 17,4% од вкупните расходи, за што се реализирани 7.357 милиони денари или 94,6% од планираното.

Министерството за труд и социјална политика во периодот јануари – ноември 2018 година реализираше 39.809 милиони денари или 91,3% од вкупниот буџет за 2018 година. Притоа, најголем дел (73,1%) од расходите во овој период се наменети за тековни трансфери до вонбуџетските фондови, за што се потрошени 29.101 милион денари или 91,4% од средствата наменети за 2018 година. Втора најзначајна расходна ставка се социјалните бенефиции, кои учествуваат со 19,0% во вкупните расходи. За оваа намена реализирани се 91,3% (7.570 милиони денари) од планираните за 2018 година.

Министерството за образование и наука во периодот јануари – ноември 2018 година изврши буџетски средства во износ од 19.740 милиони денари, што е 81,3% од вкупниот буџет за 2018 година. Најголем дел од расходите (63,7%) претставуваат тековни трансфери до ЕЛС, за што се потрошени 12.569 милиони денари или 91,1% од вкупно планираните средства. Плати и надоместоци се втора најзначајна ставка со учество од 15,5%, за што се потрошени 3.055 милиони денари, односно 89,6% од вкупно предвидените. За стоки и услуги (кои учествуваат со 12,3% во вкупните расходи) реализирани се 2.424 милиони денари, што претставува 59,1% од вкупно предвидените средства за тековната година.

Во периодот јануари – ноември 2018 година од страна на Министерството за внатрешни работи реализирани се вкупно 9.313 милиони денари, што претставува 89,9% од сопствениот буџет за 2018 година. Најзначајна расходна ставка претставуваат плати и надоместоци со учество од 72,4%, за што се потрошени 6.746 милиони денари или 91,4% од планираното. Втора најзначајна ставка се стоки и услуги со учество од 15,3%, за што се реализирани 1.427 милиони денари или 86,6% од годишниот план.

[1] Во рамките на разделот *функции на држава* опфатени се следниве активности: навремено сервисирање на обврските (отплата на камата и главнина) на државата по основ на домашно и странско задолжување; редовна исплата на оперативните трошоци на државата по претходно доставена документација за исплата; учество во капиталот на меѓународни финансиски институции; плаќање ДДВ по основ на капитални инвестиции финансирани од донации, финансирање на проектите од поодделните компоненти од ИПА (национално кофинансирање и ИПА средствата од ЕУ). Исто така, во рамките на овој раздел, а согласно со Законот за буџетите на Република Македонија и Законот за извршување на Буџетот, предвидени се средства за покривање елементарни непогоди и средства за финансирање на непредвидените расходи во текот на фискалната година.

Агенцијата за финансиска поддршка во земјоделството и руралниот развој (АФПЗРР) реализираше средства во износ од 7.284 милиони денари, што претставува 84,7% од планираните средства за тековната година. Најзначајна расходна ставка претставува субвенции и трансфери (со учество од 90,7%), за што во анализираниот период се извршени 6.610 милиони денари или 92,8% од планираното.

**Графикон 3.4:** Структура на расходите по буџетски корисници




Извор: МФ.

Министерството за одбрана во периодот јануари – ноември 2018 година изврши буџетски средства во износ од 5.389 милиони денари, што е 86,5% од вкупниот буџет за 2018 година. Платите и надоместоците имаат најголемо учество со 63,2%, за што во првите единаесет месеци реализирани се 3.404 милиони денари, што претставува 91,2% од вкупно предвидените средства за тековната година. Стоките и услугите учествуваат со 22,0% во вкупните расходи, за што во анализираниот период се потрошени 1.184 милиони денари, односно 80,2% од вкупно предвидените.

Министерството за здравство до ноември 2018 година реализираше буџетски средства во износ од 5.168 милиони денари, што е 84,8% од вкупниот буџет за 2018 година. Тековните трансфери до вонбуџетските фондови имаат најголемо учество во расходите со 57,2%, за што во периодот јануари – ноември 2018 година потрошени се 2.953 милиони денари или 92,0% од средствата наменети за 2018 година. Стоките и услугите се втора најзначајна ставка со учество од 32,5% во вкупните расходи, а во анализираниот период за оваа намена потрошени се 1.681 милион денари, односно 80,3% од вкупно предвидените. Реализацијата на капиталните расходи (кои учествуваат со 8,5% во вкупните расходи) изнесува 64,6% односно извршени се 438 милиони денари.

За Финансирање на дејностите од областа на културата[2] во периодот јануари – ноември 2018 година извршени се средства во износ од 2.803 милиони денари, што е 75,8% од вкупниот буџет за 2018 година. Субвенциите и трансферите имаат највисоко учество во вкупните расходи со 34,5%, а нивната реализација во анализираниот период изнесува 69,6%, односно извршени се 968 милиони денари. Платите и надоместоците учествуваат со 33,4%, а за оваа намена реализирани се 936 милиони денари или 89,1% од планираното. За капитални расходи реализирани

2 Со финансирањето на дејностите од областа на културата се поддржуваат програмите на установите од областа на културата во издавачката дејност, библиотекарството, филмската дејност, музичката и сценско-уметничката дејност, заштитата на културното наследство, ликовната и галериската дејност, културно-уметничките манифестации, музејската и кинотечната дејност, меѓународната соработка од областа на културата, поддршката на младите таленти, организациите од областа на културата, децентрализацијата на власта и поинтензивното реализирање на капиталните проекти.

се 525 милиони денари, што претставува 67,0% од вкупно предвидените средства за тековната година, а оваа ставка претставува 18,7% од вкупните расходи.

Министерството за транспорт и врски во периодот јануари – ноември 2018 година реализираше средства во износ од 2.206 милиони денари, што е 54,9% од вкупниот буџет за 2018 година. Капиталните расходи имаат највисоко учество во вкупните расходи со 67,6%, а нивната реализација во анализираниот период изнесува 46,7%, односно извршени се 1.491 милион денари. Субвенциите и трансферите учествуваат со 25,4% во вкупниот буџет на овој корисник и за оваа намена извршени се средства во износ од 559 милиони денари.

Деталните податоци за секој буџетски корисник се прикажани во статистичкиот прилог на следниот линк *(http://finance.gov.mk/mk/node/693)*.

## Буџетско салдо

Во периодот јануари – ноември 2018 година е остварен дефицит во Буџетот на Република Македонија од 9.502 милиона денари, што претставува 1,44% од БДП, додека дефицитот на Централниот буџет е остварен во износ од 9.113 милиони денари и претставува 1,4% од БДП.

# *4. СОЦИЈАЛЕН СЕКТОР*

## Нововработени и регистрирани невработени лица во АВРМ

Во периодот јануари – ноември 2018 година, во Агенцијата за вработување на Република Македонија регистрирани се вкупно 189.162 нови засновани работни односи. Вкупниот број новоотворени во овој период е повисок за 11,3% во однос на истиот период од 2017 година.

Од вкупниот број новоотворени, 41,8% се вработени на неопределено време, додека останатиот дел се вработени на определено време и за вршење сезонски работи. Од вкупниот број засновани нови работни односи во ноември 2018 година 21,1% се од евиденцијата на невработени.

**Графикон 4.1:** Преглед на невработени лица *(износи во единици)*




Извор: АВРМ.

Вкупниот број невработени лица во ноември 2018 година изнесува 181.725, од кои 91.723 се активни баратели на работа, а 90.002 се останати невработени лица. Во однос на истиот месец претходната година, вкупниот број невработени лица е намален за 5,5%.

Најголем дел од невработените лица (66,7%) се градско население, а според половата структура 57,7% се мажи. Според степенот на образование, поголемиот

дел, односно 58,0% од невработените се со непотполно средно образование или помалку, 27,8% се со завршено средно образование, додека 14,3% имаат вишо или повисоко ниво на образование.

**Графикон 4.2:** Преглед на нови вработувања
*(износи во единици)*




Извор: АВРМ.

По возрасни групи, најголемиот дел или 46,7% од невработените припаѓаат на возрасната група 25-49 години. Според времето на чекање на вработување, 55,4% од невработените лица чекаат вработување од 1 до 7 години, додека 8,2% чекаат 8 и повеќе години.

## Плати

Просечната номинална нето-плата во октомври 2018 година оствари годишен раст од 6,3%, а во однос на претходниот месец е повисока за 1,9%. Најголем раст на просечната нето-плата се забележува во следните сектори: Рударство и вадење камен (22,2%), Информации и комуникации (18,7%) и Преработувачка индустрија (11,0%). Реалните плати во октомври забележаа годишен раст од 4,6%.

**Графикон 4.3:** Просечна нето-плата
*(стапки на раст во %)*




Извор: ДЗС.

Просечната номинална бруто-плата во октомври 2018 година оствари годишен раст од 6,5%, а во однос на претходниот месец е повисока за 1,9%. Најистакнат раст на просечната бруто-плата се забележува во следните сектори: Рударство и вадење камен (20,8%), Информации и комуникации (18,7%) и Преработувачка индустрија (11,4%). Реалната бруто-плата забележа годишен раст од 4,9%.

**Графикон 4.4:** Просечна нето-плата по сектори
*(стапки на раст во %)*




Извор: ДЗС.

## Пензии

Во ноември 2018 година во Фондот на пензиското и инвалидското осигурување евидентирани се 312.968 пензионери, што претставува зголемување од 1,3% во

однос на истиот период минатата година. На месечно ниво, бројот на корисници на пензија е повисок за 2.868 лица. Од вкупниот број пензионери, 64,8% се корисници на старосна пензија, 23,9% се корисници на семејна пензија и 11,4% се корисници на инвалидска пензија.

**Графикон 4.5:** Корисници на пензии и просечна пензија
*(корисници во единици; просечна пензија во денари)*




Извор: ФПИОМ.

Просечната пензија во ноември 2018 година изнесува 14.423 денари и е за 3,7% повисока во однос на истиот месец минатата година[3]. Соодносот на просечната пензија со просечната исплатена плата во октомври 2018 година (последни расположливи податоци) изнесува 58,2%.

Просечната старосна пензија во ноември изнесува 15.717 денари, просечната инвалидска пензија изнесува 13.049 денари, а просечната семејна пензија 11.566 денари. За исплата на пензиите во ноември 2018 година се потрошени 4.419,86 милиони денари, што претставува 53,2% од вкупните социјални трансфери.

# *5. МОНЕТАРЕН И ФИНАНСИСКИ СЕКТОР*

Во ноември 2018 година, Народна банка на Република Македонија ја задржа основната каматна стапка на 2,75%, откако претходно ја намали за 0,25 п.п. во август 2018 година. Ваквото намалување е резултат на здравите економски основи, без присуство на нерамнотежи во економијата, видливо преку стабилните инфлациски остварувања и натамошните поволни движења на девизниот пазар. Каматната стапка на расположливите депозити на 7 дена остана непроменета во однос на минатиот месец и изнесува 0,3%.

**Графикон 5.1:** Валутна структура на депозити и кредити
(ноември 2018 година)




Извор: НБРМ.

## Примарни пари

Во ноември 2018 година, примарните пари[4] регистрираа раст од 1,7% на годишна основа, во услови на раст на готовите пари во оптек од 9,3%, додека вкупните ликвидни средства на банките забележаа пад од 6,2%.

[3] При пресметката на просечната пензија не се вклучени воените и земјоделските пензии.

На месечно ниво, примарните пари регистрираа пад од 15,3%, како резултат на намалување на вкупните ликвидни средства на банките за 28,9%, додека готовите пари во оптек се зголемија за 0,7%.

## Депозитен потенцијал[5]

Вкупните депозити на банките во ноември 2018 година регистрираа раст од 0,6% на месечно ниво. Секторската анализа укажува дека споредено со претходниот месец, депозитите на приватните претпријатија се зголемија за 0,6%, а депозитите на домаќинствата регистрираа раст од 0,7%.

Од аспект на валутата, во ноември 2018 година споредено со претходниот месец депозитите во домашна валута се намалија за 0,1%, а депозитите во странска валута регистрираа раст од 1,6%.

Вкупниот депозитен потенцијал во ноември 2018 година оствари раст од 11,1% на годишна основа. Анализирано според валутата, депозитите во домашна валута и депозитите во странска валута се зголемија за 12,0% и 9,8%, соодветно.

Од аспект на секторот, на годишно ниво депозитите на претпријатијата овој месец бележат раст од 12,8%, а депозитите на домаќинствата од 8,3%.

Според рочноста, на годишно ниво краткорочните депозити се зголемија за 7,9%, а долгорочните депозити за 11,9%.

Валутната структура на депозитите и понатаму е стабилна, при што депозитите во домашна валута имаат поголемо учество во депозитната база кое изнесува 58,8%.

Табела 5.1. Депозитен потенцијал и кредити на приватен сектор;

| Депозитен потенцијал и кредити на приватен сектор (ноември 2018 година) | Во милиони денари | Месечна промена | Годишна промена |
|---|---|---|---|
| | | | |
| **Депозитен потенцијал** | **363.494** | **0,6%** | **11,1%** |
| Денари | *213.719* | -0,1% | 12,0% |
| Странска валута | *149.775* | 1,6% | 9,8% |
| Краткорочни | *163.417* | 1,6% | 7,9% |
| Долгорочни | *101.891* | 0,4% | 11,9% |
| | | | |
| **Кредити на приватен сектор** | **315.003** | **0,6%** | **7,9%** |
| Денари | *185.365* | 1,0% | 10,2% |
| Странска валута | *129.638* | 0,1% | 4,8% |
| Краткорочни | *57.681* | 1,9% | 11,2% |
| Долгорочни | *238.391* | 0,2% | 10,1% |
| Сомнителни и спорни побарувања | *15.928* | 2,3% | -20,3% |

Извор: НБРМ

[4]Примарните пари се пресметани како збир од готовите пари во оптек (вклучително и готовината во благајна), задолжителната резерва во денари и во девизи и вишокот ликвидни средства над обврската за задолжителна резерва (во денари).

[5]НБРМ ги објави податоците од монетарната статистика, статистиката на останатите финансиски институции и статистиката на каматните стапки по нова методологија. Методолошките промени се направени заради усогласување со препораките од новообјавениот Прирачник и упатство за монетарната и финансиската статистика на ММФ од 2016 година (MFSMCG – IMF, 2016) и Техничката мисија на ММФ од областа на монетарната и финансиската статистика во НБРМ од 2015 година.

## Кредити на банките

Во ноември 2018 година, вкупните кредити на банките кон приватниот сектор се зголемија за 0,6% во споредба со минатиот месец. Секторската анализа укажува дека во ноември 2018 година кредитите кон претпријатијата и кон домаќинствата се зголемија за по 0,6%. Од аспект на валутата, во ноември 2018 година, на месечно ниво денарските кредити регистрираа раст од 1,0%, додека девизните кредити се зголемија за 0,1%.

**Графикон 5.2:** Депозити и кредити
*(стапки на раст во %)*




Извор: НБРМ.

На годишна основа, во ноември 2018 година вкупните кредити се зголемија за 7,9%, во услови на раст на кредитите на домаќинствата од 10,1% и на кредитите кон претпријатијата од 5,6%. Кредитите во домашна валута се зголемија за 10,2%, а кредитите во странска валута за 4,8%.

Од аспект на рочноста, долгорочните кредити бележат годишен раст од 10,1%, а краткорочните кредити од 11,2%.

## Каматни стапки на депозитни банки

Во ноември 2018 година, вкупната каматна стапка на кредитите се намали за 0,02 п.п. во споредба со претходниот месец и изнесува 5,40%. Каматната стапка на денарските кредити се намали за 0,04 п.п. и изнесува 5,92%, а каматната стапка на девизните кредити се намали за 0,01 п.п. на месечно ниво и изнесува 4,78%.

**Графикон 5.3:** Каматни стапки на депозити и кредити
*(во %)*




Извор: НБРМ.

Вкупната каматна стапка на депозитите во ноември 2018 година изнесува 1,42% и е намалена за 0,01 п.п. во однос на минатиот месец. Каматната стапка на денарските депозити се намали за 0,01 п.п. и изнесува 1,97%, а каматната стапка на девизните депозити остана непроменета и изнесува 0,79%.

## Пазар на капитал

На пазарот на капитал, во ноември 2018 година вкупниот промет на берзата регистрираше пад од 50,2% на месечно ниво, како резултат на намалувањето на прометот од класично тргување и прометот од блок трансакции за 42,4% и 78,7%, соодветно.

Вкупниот промет на берзата во ноември 2018 година изнесуваше 356,2 милиона денари и истиот е намален за 52,9% на годишно ниво. Македонскиот берзански индекс МБИ-10 на крајот на ноември 2018 година изнесуваше 3.468,52 индексни поени, при што на месечно ниво индексот е намален за 2,7%, а во однос на истиот месец претходната година индексот е зголемен за 36,4%.

**Графикон 5.4:** Вкупен промет на берза и движење на МБИ 10
*(промет во милиони денари; МБИ 10 во индексни поени)*




Извор: МБ.

## Девизни резерви

Бруто девизните резерви на крајот на ноември 2018 година изнесуваа 2.771,5 милиони евра и во однос на претходниот месец се зголемени за 12,1 милион евра, а во однос на ноември 2017 година за 497,8 милиони евра.

Министерство за финансии
Сектор за макроекономска политика
„Даме Груев“ бр. 12, 1000 Скопје
http://www.finance.gov.mk/mk
http://www.finance.gov.mk/mk/node/693